**ЗАПИСНИК**
**од шестата седница на Надзорниот одбор на ЗЕЛС,**
**05 јуни 2025 година, Скопје**

**<u>Присутни</u>**:
Борче Јовчески - градоначалник на општина Прилеп – претседател на Надзорен одбор
Хекуран Дука- градоначалник на општина Дебар
Звонко Пекевски- градоначалник на општина Берово
Димитар Костадиноски - градоначалник на општина Јегуновце
Дејан Владев – градоначалник на општина Свети Николе

**<u>Расправа:</u>**

Надзорниот одбор својата 6-та седница ја водеше според следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Усвојување на предлог Финансискиот и наративниот извештај на ЗЕЛС за 2024 година;
2. Измена и дополнување на Финансискиот план – буџетот на ЗЕЛС за 2025 година;
3. Разно.

**ПРВА ТОЧКА**: Усвојување на предлог Финансискиот и наративниот извештај на ЗЕЛС за 2024 година;

Пред присутните членови беа претставени двата документи: наративниот и финансискиот извештај за работата на ЗЕЛС во 2024 година. Се констатира реализација од 70% на буџетот. Поголемиот дел од расходите ги опфаќаат одржувањето на електронските системи, спроведувањето на обуки за општинската администрација и тековни трошоци за одржување и плати на вработените. Се очекува следната година да има мало олеснување со донесувањето на Одлуката на Генерално собрание за пресметување на надомест за одржување на системите во износ од 10 ден по глава на жител за општините кои редовно го подмируваат надоместокот за членарина и 20 ден по глава на жител за општините кои имаат заостанат долг по истиот основ. И во 2024 година во однос на приходите останува предизвикот со целосната наплата на членарината. Бројките покажуваат дека заклучно со мај 2025 година долгот е 34.389.355,00 денари. И покрај достапните механизми за исплата на долгот на рати сеуште голем број на општини не ја подмируваат редовно оваа обврска. Оттука, беше даден апел за редовно подмирување на оваа обврска.

**ОДЛУКА**: Надзорниот одбор даде позитивно мислење за предлог Финансискиот и наративниот извештај на ЗЕЛС за 2024 година, и ги предложува на Генералното собрание на ЗЕЛС за усвојување.

**ВТОРА ТОЧКА**: Измена и дополнување на Финансискиот план – буџетот на ЗЕЛС за 2025 година;

Измената се однесува на внесување на предвидениот износ согласно Одлуката на Генерално собрание за пресметување на надомест за одржување на системите во износ од 10 ден по глава на жител за општините кои редовно го подмируваат надоместокот за членарина и 20 ден по глава на жител за општините кои имаат заостанат долг по истиот основ. Овие средства се пресметуваат на општините после март месец за да се даде можност во првите месеци од тековната година да се подмират обврските од претходната година.

**ОДЛУКА**: Надзорниот одбор даде позитивно мислење за Измена и дополнување на Финансискиот план – буџетот на ЗЕЛС за 2025 година, и ги предложува на Генералното собрание на ЗЕЛС за усвојување.

**ТОЧКА РАЗНО**

Под точката разно, беше апелирано членките редовно да ја платат членарината кон ЗЕЛС и доколку продолжи трендот на ниска наплата да се размисли да се воведат нови мерки кои би ја подобриле наплатата.

**Скопје, 05 јуни, 2025 г.**

**Составил,**
**Стручна служба на ЗЕЛС**